ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Уредување на Блог

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



Пишува:
м-р Златко Бежовски
zbezovski@yahoo.com

Во последните години, сведоци сме на експанзија на блогерството, како во светот, така и во Македонија. Блоговите најчесто претставуваат лични WEB страни, каде што авторите ги изнесуваат сопствените ставови и сознанија. Зголемениот број читатели на блоговите носи и приходи за авторите. Тоа, за жал, не важи и за Македонија, поради малата читателска публика и непостоењето на заинтересирани огласувачи. Сепак, ништо не ги спречува македонските автори да пишуваат на англиски или на некој од другите светски јазици, со што бројот на потенцијалните читатели се зголемува стотици пати.

Доколку сметате дека не познавате странски јазик доволно добро за да пишувате статии, или, пак, доколку немате трпение и идеи, наместо да пишувате можете да уредувате блог, односно да објавувате статии од други автори и да заработите. Уредувањето блог претставува еден од наједноставните начини за започнување Интернет бизнис. Доколку знаете да испратите e-mail, и да направите цопс-пасте, сигурно, можете и да уредувате блог.

Претходниот четврток говоревме за начините на кои можете да дојдете до конкретни идеи за вашиот Интернет бизнис. Наведените сугестии можете да ги искористите и при изборот на темата на вашиот блог. Одберете тема која е специфична и се однесува на некоја конкретна област. Пожелно е да имате одредени познавања од областа, или, пак, спремност да учите. На тој начин полесно ќе можете да ги одберете вистинските статии што ќе ги претставите на посетителите.

Откако ќе ја одберете темата, следниот чекор е да го регистрирате вашиот бесплатен блог на Blogspot.com или на WordPress.org. Почетниците кои немаат искуство и познавање на HTML, најдобро е да го користат Блогспот. Блогспот е во сопственост на Google, има едноставен интерфејс и можност за автоматско интегрирање на рекламите од AdSense програмата. WordPress е за понапредните блогери.

Чувствувајте се слободни да одберете било каков назив на WEB адресата на блогот, но пожелно би било да укажува на одбраната тема. Доколку користите повеќе зборови, одделете ги со цртичка (-). На пример: muscle-builder.blogspot.com ili travel-the-world.blogspot.com. Напишете наслов и краток поднаслов на блогот, одберете позадина (темплате) и спремни сте да започнете со објавување статии. Дополнително, можете да додадете некои готови елементи странично и долу, со цел да го збогатите и разубавите блогот.

Текстови на одбраната тема можете да најдете на WEB страните за прибирање статии (article syndication), како што се EzineArticles.com GoArticles.com, iSnare.com и други. Авторите кои објавуваат на овие страни, однапред се согласни дека текстовите може да ги користат и други лица, под услов да го наведат изворот во форма на линк.

Текстовите што ќе одлучите да ги објавите, групирајте ги во категории (лабелс), за да може посетителите полесно да се снаоѓаат на вашиот блог. Доколку сакате да го збогатите изгледот на блогот, на секоја статија можете да прикачите и соодветна слика, што исто така можете да ја најдете на Интернет. Редовно барајте нови статии од различни извори и објавувајте ги на дневна база или поретко, но не помалку од еднаш неделно. Со текот на времето обидете се да пишувате и сопствени текстови, а исто така можете и да ги преведувате од еден на друг јазик.

Откако ќе објавите одреден број текстови, со што блогот ќе прерасне во една интересна целина, треба да посветите внимание истиот да го промовирате со цел да привлечете посетители. За почеток, коментирајте некои статии на сродни блогови, при што можете да поставите и сопствен линк како потпис на коментарот.

Основен извор на приходи, кој можете да го остварите преку блогот, е автоматизираното емитување на рекламни пораки преку програмата AdSense на Google, за која подетално ќе говориме во некој од следните броеви. Друг извор на приходи што можете да го остварите, е преку афилијативните мрежи со препорачување производи соодветни на темата на блогот и на објавените статии.

Со цел да ве поттикнам, ќе наведам некои теми околу кои можете да уредувате сопствен блог. На пример: туристички дестинации, боди-билдинг, здравје, рибарење, флерт и заведување, плетење, моделарство, музика, филмови, градинарство, фенг-шуи, археологија, спортско обложување итн.

Со уредувањето блог не очекувајте спектакуларни остварувања, иако се можни и изненадувања. Со избор на вистинската тема и континуирана работа, сепак, може солидно да се заработи. Бидете трпеливи, првите резултати нема да дојдат веднаш, туку по неколку месеци или половина година. Успехот генерално ќе зависи од вашата способност да привлечете посетители и да го задржите нивното внимание.

Основна причина поради која треба да пробате да уредувате блог, освен можноста да остварите приходи, е искуството кое ќе го стекнете при работата, што понатаму ќе ви отвори и нови перспективи и нови идеи за формирање сопствен Интернет бизнис.

**Следниот четврток -
Потребни вештини и знаења**